РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 02-3075/8
25.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 28. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.8.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски, м-р Гордана Мајнова.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошњакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 28. седница на Советот. Седницата почна во 13:15 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Пред гласањето за усвојување на дневниот ред, директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски предложи, поради информациите со кои располагаат, а кои се очекува во наредните денови да бидат и официјално и во писмена форма доставени до Агенцијата, точките 5 и 6 да бидат одложени до првото наредно продолжение на оваа седница, но не подолго од истекот на 30-те дена кои на седницата што се одржа на 28.7.2026 се утврдија за време во кое Советот ќе донесе одлука за продолжување на постапката за промена на сопственичка структура на овие два радиодифузери.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги предлогот за одложувањето едногласно го усвои.

Советот на Агенцијата, со усвоениот предлог за одложување на точките, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 8. јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.7.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 27. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.7.2026 година.
3. Усвојување Предлог-записник од продолжение на 27. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 28.7.2026 година.

4. Предлог - одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје.

5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.

6. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 26 став 3 од ЗААВМУ.

8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5), за прекршување на член 26 став 3 од ЗААВМУ.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), за прекршување на член 26 став 3 од ЗААВМУ.

10. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 8. јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.7.2026 година.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 27. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.7.2026 година.

**Точка 3**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од продолжението на 27. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.7.2026 година.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски ја образложи предложената одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Зона М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје. Објасни дека секој радиодифузер согласно член 79 од ЗААВМУ добива дозвола за радио или телевизиско емитување со времетраење од девет години. Законот на ЗААВМУ дава можност пред истекот на рокот имателот на дозволата да поднесе барање за нејзино продолжување. Трговското радиодифузно друштво Радио Зона М-1 е имател на Дозвола за радиоемитување од 2023 г. издадена за период од 3 години. Барањето за продолжување на дозволата на радиодифизерот може да биде одбиено ако се направени сериозни прекршувања во текот на времетраењето на дозволата, односно ако најмалку трипати во текот на времетраењето

на дозволата радиодифузерот сторил непочитување на посебните забрани од членот 48 од овој Закон или во најмалку еден изборен циклус медиумското покривање не било направено на правичен, избалансиран и непристрасен начин, за што има правосилни судски пресуди.

Бидејќи Радио Зона М-1 ги нема прекршено одредбите од ЗААВМУ, односно во текот на времетраењето на Дозволата не сторил сериозни прекршувања наведени во член 79 став 4 од ЗАВМУ, директорот Трајчевски предложи да се продолжи дозволата за радиоемитување.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Зона М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје.

Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Зона М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-70 од 7.9.2023 г. се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Советот на Агенцијата го одложи усвојувањето на Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје и Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.

**Точки 7, 8 и 9**

Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски предложи раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, да даде заедничко образложение за точките 7, 8 и 9, по што ќе се дискутира и гласа за секоја точка одделно.

М-р Емилија Јаневска објасни дека за спроведување на мерките нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост, односно за исполнување на годишниот акциски план за пристапност, давателите на медиумски услуги согласно член 26 став 3 од ЗААВМУ се должни да достават годишен извештај до Агенцијата најдоцна до 31 март во тековната година за претходната календарска година. Обврска за доставување годишен извештај имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по барање. Другите даватели на медиумски услуги немаат таква обврска, односно тие согласно Правилникот за пристапност до медиумски услуги треба да достават информација дали претходната година емитувале пристапни програми. Компани 21-М, ЈРП Македонска радио-телевизија Скопје - Петти програмски сервис и Македонска радио-телевизија Скопје - Прв програмски сервис не доставиле годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година во законски утврдениот рок, поради што Јаневска предложи да им се изрече мерката јавна опомена по која ќе им се наложи по приемот на решението да го усогласат своето работење со одредбите од ЗААВМУ и Правилникот за пристапност до медиумски услуги, а потоа да се изврши контролен надзор. Ниту еден од трите телевизиски сервиси

не ја искористил можноста за писмено изјанување за констатираните прекршоци, но напомена дека ТВ 21-М веќе ја исполни обврската, го достави годишниот извештај ден по примањето на барањето за изјаснување.

*Гласање по точка 7*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2778/1 од 14.7.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Компани 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 26 став 3 од ЗААВМУ бидејќи нема доставено годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година, во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година.

Во согласност со точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, му се наложи веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за пристапност до медиумските услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2777/1 од 14.7.2026 година и едногласно заклучи на ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Петти програмски сервис - Канал 5 (МРТ5) да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 26 став 3 од ЗААВМУ бидејќи нема доставено годишен извештај за спроведување годишен акциски план за пристапност за 2025 година, во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година.

Во согласност со точката точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за пристапност до медиумските услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2776/1 од 14.7.2026 година и едногласно заклучи на ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 26 став 3 од ЗААВМУ бидејќи нема доставено годишен извештај за спроведување годишен акциски план за пристапност за 2025 година, во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година.

Во согласност со точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, му се наложува, веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за пристапност до медиумските услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата

**Точка 10**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**